Бр: 03-120/12
Скопје: 14.10.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-899/3 од 22.07.2022 година (Наш број 03-120/4 од 25.07.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 14.10.2022 година го донесе следното

# **М И С Л Е Њ Е**

Најавата за планирано доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино, согласно доставениот Предлог Договор за доделување на државна помош од страна на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони со допис бр. 13-899/9 од 14.09.2022 година (Наш број 03-120/10 од 15.09.2022 година) преку пакет мерки како регионална помош во ТИРЗ Тетово е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13), **под услов** покрај новата планирана инвестиција во ТИРЗ Тетово, компанијата да го задржи сегашниот производен објект заедно со сите вработени во Желино во ист обем како и пред периодот на почетокот на планираната инвестиција во ТИРЗ Тетово, а со исклучок на мерката од член 5 од Предлог Договорот.

Имено, мерката од член 5 од Предлог Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино за планирано доделување на државна помош за заштита на животна средина **не е во согласност** со член 15 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14). Согласно член 15 став (1) точка а) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, државна помош за заштита на животната средина е дозволена како помош за претпријатија кои применуваат повисоки стандарди за заштита на животната средина согласно националното законодавство за заштита на животната средина или кои го зголемуваат нивото на заштита на животната средина во отсуство на обврзувачките стандарди (инвестициска помош). Ова, со оглед на тоа дека во член 5 од Предлог Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино, доделувањето на државна помош за направените инвестициски трошоци поврзани со згради, простории, опрема и машини наменети за заштита на животната средина **која е предвидена во законските прописи за заштита на животната средина на Република Северна Македонија** (пречистителна станица за отпадни води), не значи применување на повисоки стандарди за заштита на животната средина согласно националното законодавство за заштита на животната средина и не го зголемуваат нивото на заштита на животната средина во отсуство на обврзувачките стандарди (инвестициска помош).

Мерките од член 3, член 4, член 6, член 7 и член 8 од Предлог Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино за планирано доделување на индивидуална помош се во согласност со Законот за контрола на државната помош, Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална

помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош ако вкупниот интензитет на регионална помош која Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино би ја добила од државата како индивидуална помош и/или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата. Исто така, секое од новосоздадените работни места треба да се одржува за период од најмалку пет години од денот кога истото било пополнето за првпат, во смисла на член 6 став (2) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

Во врска со најавата за планирано доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино, согласно доставениот Предлог Договор за доделување на државна помош давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**